ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 8 и 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 4 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции:**<br><br>модален глагол *CAN* за искажување дозвола/барање: *Can I use your pen? You can sit over there;*<br><br>. | Поставува прашања со модалниот глагол *CAN* за да побара дозвола или учтиво да побара нешто. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 91** | ***Воведна активност***<br>Наставникот прашува „What can I do?“ и имитира акција од единицата (на пр. готви). Учениците наизменично погодуваат. Ученикот што ќе погоди точно излегува напред и имитира друга акција. Ако е потребно, наставникот му подкажува со пишување или шепотење на акцијата (на пр. танцува, црта, свири пијано, плива, игра тенис, скока со јаже).<br>***Главни активности***<br>Наставникот ги користи сликите за повторување на изразите *ride a horse* и *play the piano*, а потоа ги воведува *play chess* и *fly a kite*. Ја демонстрира активноста и се осигурува дека учениците знаат што треба да прават. Тие можат да ја спроведат анкетата во мали групи или како движење низ училницата. Прашува различни ученици, на пр. „Can you play chess?“ и кога некој ќе одговори „Yes, I can“, го запишуваат неговото име во втората колона од табелата. Потоа наставникот извлекува информации од поединечни ученици, прашувајќи, на пр. „Who can play chess?“<br>***Завршна активност***<br>Наставникот мимички прикажува една од активностите за слободно време. Учениците погодуваат која е активноста, поставувајќи прашања, на пример: „Can you play board games?“<br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дадениот час. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards)<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Дискусија (активно учество на час)<br><br>-изработка на картичка (картички со слика)<br><br>-чек листа |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

СКАЛА НА ПРОЦЕНКА

Моето учество во групата беше

GOOD OK BAD

Составувам куси искази кои искажуваат дозвола/барање

GOOD OK BAD

Каде треба да се подобрам

СКАЛА НА ПРОЦЕНКА

Моето учество во групата беше

GOOD OK BAD

Составувам куси искази кои искажуваат дозвола/барање

GOOD OK BAD

Каде треба да се подобрам



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 8 и 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 4 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>прашални, потврдни и одречни (долги и кратки) форми од глаголот *have got* во сите лица (*haven't got, hasn't got*).<br><br>неправилна множина: *man-men, woman-women, child-children,sheep-sheep, fish-fish, goose-geese, mouse-mice,* | Одговара и поставува куси прашања, користејќи соодветна форма од глаголот *HAVE GOT*.<br><br>Препознава и разликува неправилна множина кај именките по кус слушнат исказ или кус слушнат дијалог. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 92** | ***Воведна активност***<br>Да се повторат деловите на телото – наставникот брзо ги покажува флеш-картите, а учениците заедно го изговараат зборот. Потоа наставникот им кажува на учениците да се преправаат дека се роботи и им дава инструкции, на пр. „Роботи! Станете на една нога. Мавнете со левата рака. Допирнете ја главата. Спојте ги прстите." Ги охрабрува да се движат како роботи според инструкциите. Учениците ја повторуваат истата активност во парови, наизменично давајќи си инструкции.<br>***Главни активности стр101***<br>Да се овозможи на учениците да напишат опис според модел – наставникот проверува дали учениците знаат што треба да прават и го чита моделот заедно со нив, ги охрабрува да се повикуваат и на текстовите од Активност 1. Учениците прво пишуваат нацрт во тетратките. Наставникот се движи низ класот за да помага со јазик и нов вокабулар. Кога нивната работа ќе биде проверена, учениците пишуваат финален нацрт и на другата страна цртаат слика од животното. Дополнителна цел: препознава и разликува неправилна множина кај именките по кус слушнат исказ или кус слушнат дијалог *(sheep-sheep, fish-fish, goose-geese, mouse-mice).*<br>***Завршна активност***<br>Наставникот кажува реченици за сликата. Учениците стануваат (или остануваат стоечки) ако реченицата е точна, а седнуваат (или остануваат седнати) ако е неточна. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards)<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *tooth-teeth, foot-feet*; | | | ***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дадениот час.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 91<br><br>**Диференцирана активност – "Пронајди и залепи" Преглед со поддршка:** Наставникот му го пушта на ученикот аудио материјалот, но со паузи, објаснува на едноставен јазик што се случува и покажува на сликите.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | Следењето на напредок вклучува проверка дали ученикот го разбира исказот, препознава ликови и нови зборови |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>глаголски форми во *Present Simple Tense: live, eat, sleep, hunt, run, climb, recycle, reduce, reuse.* | Применува граматички правила при составување куси потврдни, одречни и прашални реченици во *Present Simple Tense* од определен број усвоени глаголи. | 1 час<br><br>___.__.2026<br><br>**Час број 93** | ***Воведна активност***<br>Наставникот го запишува зборот *movement* на таблата и извлекува од учениците што значи. Им кажува дека ќе гледаат видео за различните начини на движење. Извлекува примери за движења што учениците веќе ги знаат на англиски (на пр. walk, run, climb). Ги поучува зборовите *step* и *babies*.<br>***Главни активности***<br>Наставникот дава инструкции користејќи ги насоките од Активност 1 и им покажува на учениците во која насока да се движат, на пр. „Направи еден чекор напред. Направи два чекора на страна. Скокни!" Продолжува додека учениците не ја сфатат идејата и не можат да ги следат насоките без негова помош. Потоа ја пушта снимката, а учениците слушаат и се движат според насоките.<br>***Завршна активност***<br>Дискусија за здравите работи што учениците ги прават во текот на денот.Наставникот го запишува зборот *healthy* во круг на таблата. Учениците, работејќи во парови, размислуваат што прават во текот на неделата што е здраво. Наставникот ги извлекува идеите и создава мапа на зборови. Потоа наставникот разговара со учениците за важноста на водење здрав начин на живот применувајќи глаголски форми.<br>**Техника на оценување:** самоевалуција | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат , опишуваат и дали ги разбираат активностите. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност -глаголски форми**<br><br>• **Послаби ученици:** Редат слики по редослед и ги именуваат со помош или повторување. Одговараат на прашања со избор.<br>• **Посилни ученици:** Мимираат и погодуваат зборови во парови, потоа пишуваат 3–4 реченици.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

## Чек-листа за следење на напредок

Име и презиме: _____________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Знае да чита глаголски форми | | | |
| Правилно користи глаголски форми | | | |
| Знае да постави прашање | | | |
| Покажува разбирање при | | | |



resursi.literatura.mk

| работа во пар | | | |
|---|---|---|---|

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>давање предлози со употреба на фразата *Let's: Let's water the plants! Let's go jogging*; | Ја користи фразата *Let's* во писмена и усна комуникација за да даде свој предлог или идеја. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 94** | ***Воведна активност***<br>Да се повторат начини на движење со употреба на фразата *Let's*, – наставникот дава инструкции кои учениците треба да ги следат, на пр. „Направете три чекори напред. Направете три чекори налево. Скокнете. Направете три чекори надесно. Направете три чекори наназад. Скокнете.“<br>***Главни активности***<br>Да се овозможи на учениците креативно да се вклучат со тоа што го научиле за движењето – наставникот ги чита инструкциите и бара од неколку доброволци да ја изведат танцувалната шема од примерот. На секој пар или група им дава лист А4 и ги замолува да го поделат на четири делови. Секој пар/група избира движења за четирите делови од сопствениот танц, црта слика и пишува текст за секој дел. Наставникот им кажува дека можат да цртаат стапчиња-фигури како во учебникот. Потоа паровите или групите ги изведуваат своите танци пред класот (еден ученик ги опишува движењата, додека другите танцуваат). Ако е можно, се пушта инструментална музика. Танците може да се снимат и зачуваат во дигиталните портфолија на учениците.<br>***Завршна активност***<br>Наставникот игра „Simon says“ со инструкции од последните два часа.<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>За ученици кои имаат потешкотии: наставникот црта полесни и | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | - Набљудување (Observation)<br><br>Проверка на тетратки<br><br>Усна проверка<br><br>Чек-листа |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | познати активности и дава помош со првите букви или гестови. За напредни ученици: тие самостојно цртаат активности на табла и ги водат прашањата со остатокот од класот.<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

## Чек-листа за следење на напредок

Име и презиме: ______________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Знае да да даде свој предлог или идеја. | ☐ | ☐ | ☐ |
| Правилно користи глаголи | ☐ | ☐ | ☐ |
| Знае да постави прашање | ☐ | ☐ | ☐ |
| Покажува разбирање при работа во пар | ☐ | ☐ | ☐ |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Интеркултурни содржини:**<br><br>заштита на животната средина и развој на еколошка свест:<br><br>*The air is polluted in winter. / We can clean the litter in our school yard. / Please throw the paper in the garbage bin for paper. / People around the world recycle plastic bottles./ Save the planet! / Don't* | Составува едноставни куси насоки/заповедни искази според моделот за развивање еколошка свест.<br>. | **1 час**<br><br>___.__.2026<br><br>**Час број 95** | ***Воведна активност***<br>Учениците ги гледаат сликите и кажуваат што гледаат, на пр. „дрво“, „голема топка“. Наставникот го поучува зборот *sky* и им напомнува дека сликите не се во точен редослед, но формираат кратка приказна. Наставникот вели „Слушајте и изведете“ и пушта снимка. Мимира секоја акција и ги охрабрува учениците да го копираат.<br>***Главни активности стр 104***<br>Учениците работат во групи за да создадат сопствен редослед на реченици, додавајќи свои зборови според моделот. Наставникот следи и помага по потреба, осигурувајќи се дека секој ученик во групата ги пишува речениците. Дополнително, составуваат едноставни куси насоки/заповедни искази според моделот за развивање еколошка свест.<br>***Завршна активност - Do that!***<br>Поттикнување на креативноста на учениците.Секој ученик избира една од фразите од часот. Учениците подготвуваат кратка, тивка драматизација и на крај вклучуваат кус дијалог. Наставникот им помага со вокабуларот. Тие можат и да менуваат зборови.Потоа учениците ги изведуваат своите кратки драматизации пред класот.<br><br>**Диференцирани активности:** *Послаби ученици:* пополнување празни места | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор) | Наставникот набљудува дали учениците правилно именуваат земји и националности, дали се вклучени во паровите, и дали користат целосни реченици. Дава насоки по потреба и на крајот проверува со неколку реченици кажани наглас од ученици. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *pollute the oceans/seas/lakes/rivers!/ The air is very dirty today! / Please throw the litter in the garbage bin. / We can recycle plastic bottles.* | | | *Средно ниво:* составуваат реченици со дадени зборови<br>*Напредни ученици:* пишуваат кус текст<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

## Чек-листаИме и презиме: ______________________________

| ✓ | ● | ✗ | Критериум |
|---|---|---|---|
| | | | Применува едноставни куси насоки/заповедни искази |
| | | | Формира еколошка мисловна целина |
| | | | Пишува точни реченици |
| | | | Користи правилна интерпункција и правопис |

✓ = целосно совладано = делумно ✗ = не е совладано



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Интеркултурни содржини:**<br><br>Денот на Европа - *Europe Day, May 9 - We celebrate peace and unity (make peace, big celebration, Ode to Joy).* | Користи усвоени фрази и куси искази за одбележување на Денот на Европа. | **1 час**<br><br>___.__.2026<br><br>**Час број 96** | ***Воведна активност***<br>Наставникот ги запишува деловите на телото на таблата со помешани букви. Во парови, учениците ги препишуваат зборовите правилно. Наставникот ги проверува одговорите со класот.<br>***Главни активности***<br>Да се вежба слушање и да се повтори јазикот од единицата – учениците ја гледаат сликата. Наставникот објаснува дека говорните меури се во погрешен редослед и ја чита инструкцијата. Потоа ја пушта снимката за учениците да слушаат. Дополнително, наставникот дава и адаптира примери за Денот на Европа – *Europe Day, May 9 – We celebrate peace and unity* (make peace, big celebration, *Ode to Joy*).<br>***Завршна активност***<br>Наставникот ги прашува учениците која им е омилената активност од единицата (на пример: песната, чантот или некоја од игрите) и организира гласање во класот.Наставникот ја повторува најпопуларната активност со учениците.<br><br>**Диференцирани активности:** *Послаби ученици:* пополнување празни места.**За посилните ученици**: ученикот-доброволец може да води играта „Please“ (*Please game*), наместо да дава едноставни инструкции.(На | -<br><br>• Аудио-снимка од приказната<br><br>• Учебници на учениците | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста.<br><br>· Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пример: *Stand up. Sit down. Please touch your head. Please open your book.* – каде што наставникот може да потенцира дека инструкцијата треба да се следи само ако ја содржи зборот „please“.)<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **Рубрика за оценување** |

## Рубрика за оценување

Име и презиме: ______________________ Датум: ____________

| Критериум | ✅ = целосно совладано | = делумно | ❌ = не е совладано |
|---|---|---|---|
| Разбира текст и реплики | | | |
| Јасно зборува | | | |
| Користи емоции и интонација | | | |
| Соработува во група | | | |
| Го разбира значењето на приказната | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 8 и 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 4 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br>природно-географски карактеристики, природни ресурси и појави: *mountain, valley, hill, plain, river, lake, ocean, island, canyon, desert, sun, forest, woods, volcano, sunrise, sunset;* | Препознава значење на одреден број зборови за природно-географски карактеристики, природни појави, населени места, знаменитости и значајни објекти во слушнат или прочитан кус исказ и/или дијалог. | **1 час**<br>**___.__.2026**<br>**Час број 97** | ***Воведна активност***<br>Наставникот го запишува зборот *Holidays* на таблата и извлекува/објаснува што значи. Потоа извлекува зборови поврзани со празници,одмори,глаголи за дејства, придавки, именки и природно-географски карактеристики. Ги запишува околу зборот *Holidays* за да создаде мапа на зборови.<br>***Главни активности***<br>Да се даде дополнителна практика на учениците во изговарање на вокабулар за одмор – учениците го разгледуваат ритмичкиот текст (chant). Наставникот ја пушта снимката, учениците слушаат и следат во своите учебници. Потоа наставникот проверува разбирање на изразите *play in the sun, it's lots of fun, dig, yum, click* и *splash*,како и *mountain, valley, hill, plain, river, lake, ocean, island, canyon, desert, sun, forest, woods, volcano, sunrise, sunset.*<br>***Завршна активност***<br>Наставникот мимички прикажува една од активностите а | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards)<br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Дискусија (активно учество на час)<br>-изработка на картичка (картички со |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | учениците погодуваат која е активноста, поставувајќи прашања.<br><br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | слика)<br><br>-чек листа |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

| СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | | | СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Моето учество во групата беше | | | Моето учество во групата беше | | |
| GOOD | OK | BAD | GOOD | OK | BAD |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 8 и 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 4 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

Составувам куси искази кои ги содржат новите зборови за природни ресурси и појави:

GOOD OK BAD

Каде треба да се подобрам

Составувам куси искази кои ги содржат новите зборови за природни ресурси и појави:

GOOD OK BAD

Каде треба да се подобрам

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции:**<br>● пренесување (еколошка) порака:<br>*The Earth is our home, so blue and so green,' So, let's do our part to keep the Earth clean!* | Користи усвоени куси искази во *Present Simple Tense* за да состави еколошка порака. | **1 час**<br>**___.__.2026**<br>**Час број 98** | ***Воведна активност***<br>За да се утврди конструкцијата *Let's …* – учениците ја разгледуваат стр. 74 од учебникот и првата слика од приказната. Мисти вели *Let's go in.* Наставникот го користи овој пример за да извлече/поучи значење и употреба на *Let's …* Се осигурува дека учениците забележуваат дека потоа следува едноставен глагол (на пр. *go/paint*). Наставникот предлага активности со *Let's*, на пр. *Let's play tennis*, а учениците ја изведуваат соодветната мимика заедно со него.<br>***Главни активности***<br>Наставникот го пушта видеото *Penny the Penguin*. Учениците прво гледаат и слушаат, потоа гледаат и читаат. Наставникот проверува разбирање на граматиката. Потоа ја пушта аудио-снимката повторно, учениците следат во своите учебници и се приклучуваат. Дополнително, активноста се збогатува со пренесување еколошка порака – на пример, важноста на чиста околина и грижата за | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards | |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | животните во природата.<br>***Завршна активност***<br>Наставникот со мимика прикажува една од активностите, а учениците треба да погодуваат која е таа. Потоа учениците работат во парови – наизменично изведуваат мимики и погодуваат.<br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дадениот час.<br>**Вреднување на работата на учениците**<br>**преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 1<br><br>**Диференцирана активност – "Пронајди и залепи" Преглед со поддршка:** Наставникот му го пушта на ученикот аудио материјалот, но со паузи, објаснува на едноставен јазик што се случува и покажува на сликите.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | **Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба)<br><br>Следењето на напредок вклучува проверка дали ученикот го разбира исказот, препознава ликови и нови зборови |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 8 и 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 4 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>присвојни придавки за множина: *our, their*; | Користи присвојни и описни придавки во куси искази за да го опише населеното место во кое | 1 час<br><br>___.__.2026<br><br>**Час број 99** | ***Воведна активност***<br>Наставникот црта плажа на таблата и вели „We're on holiday at the beach. Hooray! What shall we do? Let's …" Доброволци предлагаат активности.<br>***Главни активности***<br>Презентација на песната стр. 108. Наставникот го чита вториот дел од инструкциите и повторно ја пушта снимката за учениците да го читаат текстот на песната и да ги нумерираат сликите според активностите во песната. Учениците ги споредуваат одговорите во парови пред заедничката проверка со класот. Користат и присвојни придавки за множина: *our, their*.<br>***Завршна активност***<br>Наставникот ги запишува следниве зборови на таблата со помешани букви: sandcastle, shells, fish, music, book, photo, | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards | Се набљудува дали учениците препознаваат, опишуваат и дали ги разбираат активностите. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | живее. | | picture, ice cream, guitar.<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност – Дневни рутини**<br>• **Послаби ученици:** Редат слики по редослед и ги именуваат со помош или повторување. Одговараат на прашања со избор.<br>• **Посилни ученици:** Мимираат и погодуваат зборови во парови, потоа пишуваат 3–4 реченици.<br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | **Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | |

## Чек-листа за следење на напредок Име и презиме: ______________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Знае да чита придавки | | | |
| Правилно користи придавки | | | |
| Знае да постави | | | |



resursi.literatura.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| прашање | | | |
| Покажува разбирање при работа во пар | | | |

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>прашални зборови: *what*, *where, who*; | Разликува значење на прашалните зборови во едноставни прашања и користи соодветен прашален збор при составување едноставни | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 100** | ***Воведна активност***<br>Да се повторат предлозите (in, on, under) – пред часот наставникот крие меко играчко животно или флеш-карта со животно (во нешто). Потоа вели: „Има едно животно во училницата. Каде е?“ и ги поттикнува учениците да станат и да бараат. Учениците се движат низ училницата, а наставникот дава насоки со предлози, на пр. „Не е под столчето. Не е на мојата маса.“ Учениците прашуваат, на пр. „Is it in the bin?“<br>***Главни активности***<br>Наставникот им дава време на учениците да ги разгледаат сликите и им поставува прашања со *Where's* и *Where are*, на пр. „Where's the red book?“ (It's in the orange bag.) „Where are the green books?“ (They're in the pink bag.). Потоа им кажува дека ќе играат игра за меморија. Им дава една минута за да ги проучат сликите. Ученик А ја затвора својата книга, а Ученик Б поставува | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **-** Набљудување (Observation)<br><br>Проверка на тетратки<br><br>Усна проверка<br><br>Чек-листа |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | прашања во *Present Simple Tense* во писмена и усна комуникација. | | прашања за сликите користејќи *Where's / Where are …?* Ученик А одговара со *It's / They're in the (colour) bag.* Наставникот следи и проверува правилна употреба на еднина и множина. Играта може да биде и натпреварувачка (учениците добиваат поен за секој точен одговор).<br>***Завршна активност***<br>Учениците вадат предмети од училницата и наизменично ги ставаат во/на предмети на своите клупи, па си поставуваат прашања еден на друг, на пр. „Where's the blue pencil?" – „It's on your book."<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>За ученици кои имаат потешкотии: наставникот црта полесни и познати активности и дава помош со првите букви или гестови. За напредни ученици: тие самостојно цртаат активности на табла и ги водат прашањата со остатокот од класот.<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

## Чек-листа за следење на напредок Име и презиме: ______________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|



resursi.literatura.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Знае да чита примери со прашални зборови | ☐ | ☐ | ☐ |
| Правилно користи прашални зборови | ☐ | ☐ | ☐ |
| Знае да постави прашање | ☐ | ☐ | ☐ |
| Покажува разбирање при работа во пар | ☐ | ☐ | ☐ |

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ја користи фразата *Let's* во писмена и усна комуникација за да даде свој предлог | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 101** | ***Воведна активност***<br>Наставникот ги прашува учениците кои се посебните моќи на *Super Friends* (на пр. „What can Thunder do?“, „Who can run very fast?“, „Can Flash talk to animals?“), користејќи мимика за да помогне во прикажувањето на значењето на прашањата. Потоа извлекува што се случило во последната епизода (пријателите соработувале за да го состават роботскиот комплет).<br>***Главни активности***<br>Наставникот го пушта целото видео *Super Friends*. Потоа го пушта повторно, паузирајќи за проверка на разбирањето. Прашува: „Do all the Super Friends want to race?“ (Не се сигурни – само Flash навистина сака). Проверува разбирање на изразот *See you at the top of the hill!* и прашува зошто Flash го кажува (Таа е сигурна дека ќе ја победи трката). Прашува: „Who can't run?“ (Misty), | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор) | Наставникот набљудува дали учениците правилно именуваат земји и националности, дали се вклучени во паровите, и дали користат целосни реченици. Дава насоки по потреба и на |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>давање предлози со употреба на фразата *Let's: Let's water the plants! Let's go jogging* | или идеја. | | „What can she do?“ (Таа може да оди), и „What's the problem?“ (Има голем камен). Објаснува значење на *This is the end of the race* и *Let me try*. Потоа прашува што кажува Thunder кога го подигнува каменот (*Now you can race to the top, Flash!*).<br>***Завршна активност***<br>Во групи од четворица, учениците секој ја зема улогата на еден од ликовите. Наставникот ја пушта снимката, а учениците ја повторуваат во улога. Групите ја вежбаат улогата, а доброволни групи ја изведуваат за класот.<br><br>**Диференцирани активности:** *Послаби ученици:* пополнување празни места<br>*Средно ниво:* составуваат реченици со дадени зборови<br>*Напредни ученици:* пишуваат кус текст<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | крајот проверува со неколку реченици кажани наглас од ученици. |

## Чек-листа Име и презиме: ______________________________

| ✓ | ○ | ✗ | Критериум |
|---|---|---|---|
| | | | Ја користи фразата *Let's* |
| | | | формира мисловна целина и |
| | | | Пишува точни реченици |



resursi.literatura.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Користи правилна интерпункција и правопис |

✅ = целосно совладано = делумно ❌ = не е совладано

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 8 The robot (6 часа) Unit 9 At the beach (6 часа) | Време за реализација: мај 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>долги и кратки форми на глаголот *TO BE* во | Користи долги форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense* во куси одговори во потврдна форма. | **1 час**<br><br>___.__.2026<br><br>**Час број 102** | ***Воведна активност***<br>Наставникот ги прикачува флеш-картичките од Unit 9 At the beach, и ги извлекува зборовите од учениците. Потоа прашува кои делови се појавуваат во приказната (скали, подрум).Наставникот изговара неколку клучни реченици од приказната и од учениците извлекува кој лик ги изговара.Со овие реченици наставникот ги потсетува на содржината на приказната.<br>***Главни активности***<br>Да се поттикне креативноста на учениците – во парови, учениците избираат еден од првите два дијалози од WB Активност 3, создаваат кратка игра со улоги и го вклучуваат својот краток дијалог на крајот. Потоа паровите ги изведуваат своите нови улоги во играта пред класот. | -<br><br>• Аудио-снимка од приказната<br><br>• Учебници на учениците | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Present Simple Tense*: *am/'m, is/'s, are/'re.* | Користи кратки форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense* во куси одговори во негативна форма. | | ***Завршна активност***<br>Наставникот ги прашува учениците која им е омилената активност од целината (на пример: песната, чантот или некоја од игрите) и организира гласање во класот.Наставникот ја повторува најпопуларната активност со учениците.<br><br>**Диференцирани активности:** *Послаби ученици:* пополнување празни места.За посилните ученици: ученикот-доброволец може да води играта „Please“ (*Please game*), наместо да дава едноставни инструкции.(На пример: *Stand up. Sit down. Please touch your head. Please open your book.* – каде што наставникот може да потенцира дека инструкцијата треба да се следи само ако ја содржи зборот „please“.)<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | · Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот.<br><br>**Рубрика за оценување** |

## Рубрика за оценување

Име и презиме: _______________________ Датум: ____________

| Критериум | ✅ = целосно совладано | = делумно | ❌ = не е совладано |
|---|---|---|---|
| Разбира текст и реплики | | | |
| Јасно зборува | | | |
| Користи емоции и интонација | | | |



resursi.literatura.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработува во група | | | |
| Го разбира значењето на приказната | | | |



resursi.literatura.mk